ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-2988/3
03.06.2025 год.
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-2

**ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ**

**До службено лице за посредување со информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**
**Врска барање бр. 18-2988/2, 26.05.2025**

Почитувани, постапувајќи по вашето Барање бр. 18-2988/2 од 26.05.2025г. со кое барате информаци од јавен карактер и тоа :

1.Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени Гласници каде се предвидени зоните на Општина Крива паланка за процена на недвижен имот.
2. Просечни цени од м2 на продадени недвижности во 2024 година по типови на недвижност и тоа:
Индивидуални станбени згради – куќи, колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици.
3. Просечни цени од метар квадратен на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2024 година.
4. Просечни цени од метар квадратен на продадено земјоделско земјиште за 2024 година,по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Крива Паланка и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Крива Паланка за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експроприирано земјоделско земјиште на подрачјето на општината согласно со прописите за експропријација.

**Ви ги доставуваме бараните информации согласно барањето и тоа :**

**Информација за точка 1 од барањето:**
Службен гласник бр.03/2023 и 14/2023 година

**Информација за точка 2 од барањето:**

**Просечни цени од м2 на продадени недвижности и тоа :**

**Индивидуални станбени згради од 150 до 500 евра по м2**
**Колективни станбени згради од 300 до 1000 евра по м2**
**Деловни згради и административни згради 500 до 1.500 евра по м2**
**Промет на индустриски објекти ,хотели и објекти за одмор и рекреација во 2024 год. немаме**

**Информација за точка 3 од барањето:**
**Просечни цени на Градежно земјиште се од 10 до 60 евра по м2**

**Информација за точка 4 од барањето:**

**Просечни цени на Земјоделско земјиште се од 15 денари до 80 денари по м2**

Бараните информации ви ги доставуваме на начинот наведен во барањето!

**Изготвил: Татјана Георгиевска**

**Одделение за администрирање на даноци и такси**
**Раководител**
**Емил Денчевски**

Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 14 став 1точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 и 01/23 ), а во врска со член 5 став 4 од Законот за даноци на имот („(„Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14 ), Советот на ОпштинаКрива Паланка на седницата одржана на ден 28.02.2023 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## За процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка и се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – деловни објекти, простории, станбени згради, станбени куќи, други градежни објекти, помошни објекти и градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште, а во согласност со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука се:

- Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – деловни објекти, простории, градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина Крива Паланка;
- Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – станбени згради, станбени куќи, други градежни објекти, помошни објекти и градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина крива Паланка;
- Преглед за проценка на пазарна вредност за земјоделско земјиште за Општина Крива Паланка од извршени купопродажби на земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка според просечни цени;

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09-773/25 од 14.03.2019 година, донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 09-1111/13**
**28.02.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

# Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот
## А. (деловни објекти, простории, градежно изградено и градежно неизградено земјиште според намената во Општина Крива Паланка)

Видови објекти: деловни простории и дуќани, деловни згради (производствени, магацини, хали, стоваришта), хотели, мотели, објекти за одмор и рекреација, бензински пумпи, ресторани, кафеани и кафулиња и градежно земјиште.

**13.3 Подзона**
Ул. Св Јоаким Осоговски (локалитет од Дом на култура до спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна, крак позади пошта).
**Вредност: 60 БОДА/ЕУР/м$^2$**

**14. Зона**
Ул св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до Осички мост и од спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна до влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш и просторот кај стар зелен пазар.
**Вредност: 50 БОДА/ЕУР/м$^2$**

**14.1 Подзона**
ул. Св Јоаким Осоговски ( од влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш до спој со М2 – раскрсница во населба Трамаѓе.
Ул.8- ми Октомври
Ул. Партизанска (до мост кај фурна Дабо)
Ул.Никола Тесла без новиот крак
Ул.Илинденска (без простор кај стар зелен пазар)
Ул.Јане Сандански
Ул.Херој Карпош
Ул.Гоце Делчев
Ул.Борис Трајковски
Ул.Орце Николов
Ул.Јане Јакимовски
Ул. Прохор Пчински
**Вредност: 45 БОДА/ЕУР/м$^2$**

**15. Зона**
Ул. Моша Пијаде асфалтиран дел
Ул. 3-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Македонска
Ул. 17-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Наско Тамбурков
Ул.Димитар Арсов
Ул. Чупино Брдо
Нас. Горни Бавчалк
Ул.Баглачка ( асфалтиран дел)
Ул. Ѓорче Петров
Ул. Ратко Минев (асфалтиран дел)
Ул.Јоаким Крчовски
Ул.11. Октомври
Ул. Пиринска ( асфалтиран дел)
Сите други асфалтирани улици по опфат на КО Крива Паланка( повисоки делови)
**Вредност: 40 БОДА/ЕУР/м$^2$**

**15.1 Подзона**
Нас. Бегови Бавчи
Ул Единство(до мост кај спојот со ул. Св. Јоаким Осоговски)
Ул. 8-ми Септември
**Вредност: 35 БОДА/ЕУР/м$^2$**

**16. Зона**
Ул. 4-ти Јули
Ул. Коце Металец
Нас. Грамаѓе
Ул. Партизанска (од мост кај фурна Дабо до крај на Домачки Дол)
Ул. Моша Пијаде од асфалтиран дел до ул. Херој Карпош
Ул. Херој Карпош од мостот до ул. Моша Пијаде
**Вредност: 30 БОДА/ЕУР/м²**

**16.1 Подзона**
Никола Тесла ( нов крак)
Село Градец – Мизовски ливади
Село Конопница и Мождивњак
Населба Лозаново
Сите неасфалтирани улици за КО Крива Паланка
Населба Цонев Рид
Населба Скрљава
Населба Трештен Дол
Останати улици во населба Бадлак
Населба Кошари
Ул. Гоце Делчев неасфалтиран дел
Ул. Баглачка неасфалтиран дел
Земјиште покрај магистрален пат во појас од 200м
**Вредност: 25 БОДА/ЕУР/м²**

Вредноста на пресметковниот бод изнесува едно евро во денарска противвредност.
При утврдување на пазарна вредност за градежно изградено, неизградено земјиште со намена деловни објекти и простории со површина поголема од 1000 м2 се намалува за 5 бода по м2 соодветно по зоните.

**Б.Преглед по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (колективни станбени згради, индивидуални стамбени објекти (куќи), помошни објекти, гаражи, други градежни објекти, градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина Крива Паланка)**

Видови објекти: индивидуални станбени згради ( куќи,), станови во колективни станбени згради, гаражи, и помошни објекти ( шупи, штали, амбари, плевњи и др) и градежно земјиште.

**15.1 Подзона**
Ул. Св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна, крак позади пошта).
**Вредност: 35 БОДА/ЕУР/м²**

**16. Зона**
Ул св Јоаким Осоговски ( локалитет од Дом на култура до Осички мост и од спој на ул. Св Јоаким Осоговски – спој на стар и нов крак кај стара фурна до влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш и просторот кај стар зелен пазар.
**Вредност: 30 БОДА/ЕУР/м²**

**16.1 Подзона**
ул. Св Јоаким Осоговски ( од влез за нов зелен пазар испод фурна Малеш до спој со М2 - раскрсница во населба Грамаѓе.
Ул.8- ми Октомври
Ул. Партизанска (до мост кај фурна Дабо)
Ул.Никола Тесла без новиот крак
Ул.Илинденска (без простор кај стар зелен пазар)
Ул.Јане Сандански

Ул.Херој Карпош
Ул.Гоце Делчев
Ул.Борис Трајковски
Ул.Орце Николов
Ул.Јане Јакимовски
Ул. Прохор Пчински
**Вредност: 25 БОДА/ЕУР/$м^2$**

**16.2 Подзона**
Ул. Моша Пијаде асфалтиран дел
Ул. 3-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Македонска
Ул. 17-та Македонска Ударна Бригада
Ул. Наско Тамбурков
Ул.Димитар Арсов
Ул. Чупино Брдо
Нас. Горни Бавчалк
Ул.Баглачка ( асфалтиран дел)
Ул. Ѓорче Петров
Ул. Ратко Минев (асфалтиран дел)
Ул.Јоаким Крчовски
Ул.11. Октомври
Ул. Пиринска ( асфалтиран дел)
Ул. сите други асфалтиран улици по опфат на КО Крива Паланка( повисоки делови)
**Вредност: 20 БОДА/ЕУР/м2**

**17. Зона**
Нас. Бегови Бавчи
Ул Единство(до мост кај спојот со ул. Св. Јоаким Осоговски)
Ул. 8-ми Септември
**Вредност: 15 БОДА/ЕУР/м2**

**17.1 Подзона**
Ул. 4-ти Јули
Ул. Коце Металец
Нас. Грамаѓе
Ул. Партизанска (од мост кај фурна Дабо до крај на Домачки Дол)
Ул. Моша Пијаде од асфалтиран дел до ул. Херој Карпош
Ул. Херој Карпош од мостот до ул. Моша Пијаде
Никола Тесла ( нов крак)
Село Градец – Мизовски ливади
Село Конопница и Мождивњак (доколку е во опфат на општ акт или др.урбан-планска документ.)
Населба Лозаново
Сите неасфалтирани улици за КО Крива Паланка
Населба Цонев Рид
Населба Скрљава
Населба Трештен Дол
Останати улици во населба Баглак
Населба Кошари
Ул. Гоце Делчев неасфалтиран дел
Ул. Баглачка неасфалтиран дел
Земјиште покрај магистрален пат во појас од 200м
**Вредност: 10 БОДА/ЕУР/м2**

Напомена:
**Земјоделското земјиште во опфат на ГУП Крива Паланка или во опфат на дру урбанистичко-планска документација ќе има третман како градежно земјиште според намената во планската документација**

## ПРЕГЛЕД ЗА ПРОЦЕНКА НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ПРИ ШТО СЕ ЗЕМЕНИ ВО ПРЕДВИД И ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ОД ИЗВРШЕНИ КУПОПРОДАЖБИ ВО ИЗМИНАТИТЕ ТРИ ГОДИНИ

| Катастарска општина | Ниви, ливади пасишта | | Градини овоштарници и лозја | | Шуми | | Двор | Зејиште погодно за плацеви и викенд зони |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Класи | | Класи | | Класи | | До 1000м2 | До 1000м2 |
| | I,II,III,IV | V,VI,VII,VIII | ,II,III,IV | V,VI,VII,VIII | ,II,III,IV | V,VI,VII,VIII | | |
| Б'С | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 150 | 350 |
| БАШТЕВО | 20 | 15 | 30 | 25 | 40 | 30 | 30 | 35 |
| БОРОВО | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 70 | 90 |
| ВАРОВИШТЕ | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 600 |
| ГАБАР | 20 | 15 | 40 | 30 | 50 | 30 | 45 | 55 |
| Г.ЦРЦОРИЈА | 20 | 15 | 40 | 30 | 50 | 30 | 70 | 90 |
| ГРАДЕЦ | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 600 |
| ДЛАБОЧИЦА | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 450 |
| ДРЕНАК | 20 | 15 | 35 | 30 | 50 | 30 | 70 | 90 |
| ДРЕЊЕ | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 600 |
| ДОБРОВНИЦА | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 170 | 350 |
| ДУРАЧКА РЕКА | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 170 | 500 |
| ЖИДИЛОВО | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 500 |
| КИСЕЛИЦА | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 130 | 300 |
| КОНОПНИЦА | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 600 |
| КОСТУР | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 120 | 300 |
| КОШАРИ | 35 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 600 |
| КРКЉА | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 600 |
| КРСТОВ ДОЛ | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 70 | 100 |
| ЛОЗАНОВО | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 550 |
| ЛУКЕ | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| М.ЦРЦОРИЈА | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 70 | 100 |
| МАРТИНИЦА | 35 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 600 |
| МЕТЕЖЕВО | 20 | 15 | 35 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| МОЖДИВЊАК | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 300 | 600 |
| НЕРАВ | 20 | 15 | 35 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| ОГУТ | 20 | 15 | 35 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| ОСИЧЕ | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| ПОДРЖИКОЊ | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| СТАНЦИ | 20 | 15 | 45 | 30 | 50 | 30 | 120 | 180 |
| ТЛМИНЦИ | 50 | 25 | 75 | 60 | 80 | 65 | 250 | 450 |
| ТРНОВО | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 170 | 400 |
| УЗЕМ | 20 | 15 | 75 | 60 | 80 | 65 | 170 | 400 |

Под земјоделско земјиште погодно за двор, односно за плацеви и викенд зона се смета земјиште на одредени локалитети со површина до 1000м2. Доколку парцелата е со поголема површина, а локалитетот е погоден за плацеви и викенд зона и дворно место, останатата површина над 1000м2 ќе се третира како земјоделско земјиште.)

(се однесува на земјоделско земјиште кое се уште не е опфатено со урбанистичко-планска документација на локалитети каде има пристапен пат и на самата парцела или во околината постојат веќе изградени објекти)

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 14 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), а во врска со член 5 од Закон за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13, 142/14 и 153/2015), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.10.2023 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Одлуката за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на членот 2 став (1) во Одлуката за процена на пазарна вредност по зони на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделско земјиште во Општина Крива Паланка бр.09-1111/13 од 28.02.2023 година, и тоа:

Во Прегледот по зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот – А. (деловни објекти, простории, градежно изградено и неизградено земјиште со таква намена во Општина Крива Паланка)кој е составен дел на Одлуката, после 16.1 подзона се додава текстот:

„17.1 Подзона
Градежно земјиште во опфат на урбанистичко - планска документација со комерцијално деловна и производна намена и енергетска инфраструктура, кое не е опфатено со претходните зони. (За оваа зона не важи намалувањето за 5 бода по м2 за површина поголема од 1000 м2)
Вредност: 10 БОДА/ЕВРА/м2"

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

Бр. 09-5024/17
31.10.2023год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-2988/4
04.06.2025
КРИВА ПАЛАНКА

Ф 8.5/3-3

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-2988/1, 26.05.2025г. од Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО, Бул. Туристичка 50 а-4 локал 8, 6000 Охрид,Македонија, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-2988/1, 26.05.2025г. од Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО, Бул. Туристичка 50 а-4 локал 8, 6000 Охрид,Македонија.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог бр. 18-2988/3, 03.06.2025г. кон ова решение.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО, Бул. Туристичка 50 а-4 локал 8, 6000 Охрид,Македонија, достави барање бр. 18-2988/1, 26.05.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.

Со барањето 18-2988/1, 26.05.2025г. барателот бара повеќе информации од јавен карактер и тоа:
1.Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени Гласници каде се предвидени зоните на Општина Крива паланка за процена на недвижен имот.
2. Просечни цени од м2 на продадени недвижности во 2024 година по типови на недвижност и тоа:
Индивидуални станбени згради – куќи, колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици.
3. Просечни цени од метар квадратен на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2024 година.
4. Просечни цени од метар квадратен на продадено земјоделско земјиште за 2024 година,по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Крива Паланка и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Крива Паланка за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експроприирано земјоделско земјиште на подрачјето на општината согласно со прописите за експропријација.

Информациите што се барат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

(„Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-2988/3, 03.06.2025г. на одделението за администрирањ на даноци, такси и надоместоци.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информацијите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**